## СО ДРАГАН БЕРГЕР, ОСНОВАЧ НА КОМПАНИЈАТА “INTERNATIONAL TRADING SCHOOL”, TRADING FLOOR, БЕЛГРАД



# ТРГУВАЊЕТО НА БЕРЗА ТЕШКО СЕ ЗАМЕНУВА СО ДРУГА ПРОФЕСИЈА

**Господине Бергер, непосреден повод за ова интервју е обуката што ја организирате во просториите на Стопанската Комора на Македонија во октомври оваа година. Но, пред да зборуваме за обуката, добро е да им се претставите на нашите читатели. Вие имате сертификати за професионален трговец, финансиски советник и брокер со акции, со искуство стекнато во Канада и САД и имате повеќе од 15 години работно искуство во таа област. Кажете ни малку повеќе за тоа.**

**Д.Бергер:** Уште како дете имав визија дека еден ден ќе работам на Вол Стрит и ќе бидам успешен брокер. Едноставно тоа ме водеше низ животот и секогаш беше мојот мотив за да ги пребродам најтешките мигови и предизвици на кои наидував на тој пат. Со бизнис и економија како што е и името на вашето списание, започнав да се занимавам од најраните денови на мојот живот и дојдов до заклучок дека врв на бизнисот е токму тргувањето на финансиските пазари, бидејќи во ниту еден бизнис не може да се направи побрз и поедноставен обрт на капиталот. Минав десет години во Америка и Канада каде имав прилика да работам како финансиски советник, брокер и трговец и да учам од најдобрите луѓе во оваа работа во најреномираните компании како што е Мидланд Волвин - Мерил Линч. Од сите работи што ги работев во оваа индустрија сфатив дека професионалното тргување е она што најмногу ме интересира и каде можам да имам најмногу потенцијал. Кога еднаш ќе започнете професионално да се занимавате со тргување и ќе совладате сé што ви е неопходно за да можете да опстанете во таа работа, мислам дека е тешко да се пронајде замена за таа професија. Во секој случај, минав многу време на американскиот и канадскиот пазар каде главни инструменти за тргување беа акциите на NYSE, NASDAQ и TSE. Покрај тргувањето со акции се занимавав и со опции и фјучерси, додека последниве десет години Forex пазарот е мојот главен фокус.

**Основач сте на компанијата “International Trading School”, од Белград. Од кога работи оваа компанија и кои се нејзините активности?**

**Д.Бергер:** “International Trading School” или ITS е основано на 1 јануари 2003 година и основната цел и идеја беа да се овозможи професионална едукација за трговци од страна на професионални трговци, каде клиентите би можеле покрај теоретското знаење да го стекнат она што е многу поважно во оваа работа, а тоа е искуството и практичниот дел или како теоријата се применува во пракса во вистинско тргување. Основниот пристап на ITS е внимателно одбрано знаење и програма за предавања со што се насочуваат слушателите на конкретните работи што ги очекуваат штом ќе се фатат гуша за гуша со пазарот. Покрај со едукација ITS се

занимава со проектирање и опремување на Dealing Room (Trading Floor) според системот клуч на рака, каде клиентите добиваат целосно опремен простор со сето она што е потребно да се има во dealing room за професионална работа. ITS исто така се занимава со консалтинг во областа на професионалното тргување и инвестиционот менаџмент. За сите клиенти ITS овозможува бесплатно да добијат професионална платформа за тргување на светскиот пазар за валути, метал, енергија, стока и акциски индекси. Значи преку ИТС секој во Македонија може да отвори сметка за тргување со што му се овозможува да профитира во секојдневното тргување и флуктуациите на Forex пазарот (EUR-USD, GBP-USD, CHF-USD, USD-JPY и сите ликвидни валути во светот), пазарот за метали (злато, сребро, бакар), пазарот за енергија (нафта, гас), пазарот на стока (соја, шеќер, памук, пченица, пченка). Исто така ITS дава 8 часа на ден подршка на сите активни трговци на македонски јазик на локален број во Македонија и им овозможува квалитетни анализи на пазарот со укажување на можни случувања за време на денот и важните нивоа за тргување. За сите оние кои немаат време за тргување, а сакаат да инвестираат ITS може да ги поврзе со професионални трговци и компании кои во моментов остваруваат одлични профити.

**На листата на ваши клиенти се наоѓаат речиси сите комерцијални банки од Србија, сте имале соработка и со централните банки на Србија и Црна Гора, но и со многу компании. Забележливо е дека сте присутни во регионот, првенствено во Србија, како и во Црна Гора и БиХ. Дали организацијата на обуката во Македонија значи дека вашата компанија одлучила во иднина повеќе да биде присутна и на овдешниот пазар?**

**Д.Бергер:** Мислам дека македонскиот пазар е многу интересен, затоа што има многу луѓе кои се свесни за потенцијалот на Forex пазарот и сакаат да ја искористат можноста што тој им ја дава. Со одржување на овој прв курс од ваков вид на вашиот пазар мислам дека се дава единствена прилика што поголем број на луѓе да дојдат до квалитетно знаење и да разберат што е Forex, каде се тргува и како тие можат да учествуваат во тоа. Во оваа работа најважно е да сте добро припремени и да знаете што работите, а со оваа обука ITS ќе им овозможи на луѓето да не плаќаат скапи авионски карти и хотели за да можат некаде во странство да го слушаат овој програм, туку тоа сега можат да го сторат во својата земја и во својот град со далеку помалку трошоци. Во секој случај, ITS со овој курс ќе започне активно да учествува на македонскиот пазар и да им помага на трговците полесно и побезбедно да зачекорат во светот на активното тргување, каде ако се добри во тоа можат да остварат одлични профити.



**Да се вратиме на обуката што ја организирате во Скопје месецов. Кажете ни малку за самата обука, за кого е првенствено наменета, нејзината програма, времетраењето.**

**Д.Бергер:** Обуката е наменета за сите оние кои сакаат да станат трговци на Forex пазарот или веќе се, но сакаат да бидат уште подобри. Исто така е наменета за сите оние кои на било кој начин се вклучени во процесот на тргување со валута, стока или деривати во банките, брокерските куќи, увозно-извозните фирми, инвестициските фондови, приватни лица и сите оние кои сакаат со активно тргување да остварат профит. Тргувањето, како што јас го нарекувам, е специфичен занает, бидејќи не е битно од каде доаѓате и што сте работеле порано, во тргувањето ќе морате целосно да се промените и да размислувате на специфичен начин без разлика колку успешни сте биле во поранешната работа или животот. Програмот ги обработува најважните сегменти во тргувањето, а тоа се:

- Запознавање со Forex пазарот и инструментите за тргување (фокус на спот валутата)
- Фундаментална анализа
- Техничка анализа
- Психологија на тргувањето
- Стратегија на тргувањето
- Менаџмент позиција, управување со пари
- Ризик на тргувањето и техники за управување со ризикот во тргувањето
- Бизнис план на трејдерот
- Трејдинг журнал и дневна документација за тргувањето
- Практична работа на

професионална FX платформа

Како што гледате станува збор за целосен пристап кон работа каде учесниците ќе имаат прилика секој да го запознае неговиот дел и по курсот ќе можат многу подобро да разберат кои се маните и ризиците и кои се предностите на оваа работа и да видат дали и на кој начин можат да се вклучат во работата.

**Знаењето стекнато на оваа обука нема да биде само теоретско?**

**Д.Бергер:** Обуката е замислена да биде интерактивна со учесниците за време на целото времетраење, каде за време на првите три дена се покрива материја што им е потребна за последниот ден од обуката, каде еден дел ќе биде практична работа на вистински пазар и платформа за тргување со знаењето што ќе го добијат. За практичниот дел потребно е секој учесник да има лап топ на кој ќе ги инсталираат сите програми за да можат да продолжат со работата и од дома или од работа по завршување на обуката.

**Може ли знаењето од оваа обука да биде некаква подготовка за оние што би сакале во иднина да полагаат за стекнување ACI сертификати, како што се ACI Dealing и ACI Settlement?**

**Д.Бергер:** Оваа обука во секој поглед е корисна и пред и по ACI сертификатот, пред се затоа што има комплетно поинаков пристап и тематика. ACI програмот и ITS програмот одлично се надополнуваат и мислам дека се одличен комплимент еден за друг, бидејќи скоро сите банки во регионот, покрај на ACI курсот, задолжително своите трговци и менаџмент ги испраќаат на ITS курсот, бидејќи тоа им дава една целина, а особено подобра можност за примена во практичната работа, што е целта на ITS. Значи, секој кој ја контролира dealing room, почнувајќи од менаџментот, па се до трговците, би требало да го минат овој курс, бидејќи тогаш односите во пракса ќе им бидат појасни и ќе можат полесно да ја разберат ситуацијата што ја имаат во пракса и од тоа да научат како да извлечат корист и да се заштитат од ризикот. Исто така, важно е членовите на ACI здружението да знаат дека имаат посебни погодности за континуирана едукација, бидејќи ITS и ACI Македонија, имаат потпишано договор за стратешка соработка и дека заедно ќе работат на едукацијата и усовршувањето на професионален кадар во Република Македонија во наредниот период.

**Господине Бергер, се надеваме дека обуката што ја организирате ќе го зголеми знаењето на македонските банки и компании, и дека тоа позитивно ќе влијае на нивната профитабилност. Ви благодариме на интервјуто.**

**Д.Бергер:** И јас ви благодарам вам и се гледаме на 24 октомври во Стопанската комора на Македонија.